**До:**

**Предмет:**

Покана за номинирање на вработени за учество на меѓународна стручна обука:

## *УСПЕШНИ ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ПРАКСА*
## *- Од законска усогласеност до успешни постапки*

**01–04 октомври 2026 | Trend Hotel 4★ | Истанбул, Турција**

Почитувани,

Современите јавни набавки бараат многу повеќе од познавање на законската рамка. Тие бараат професионално планирање, правилно донесување одлуки и практична примена на законските одредби.

Со задоволство Ве покануваме да ги номинирате Вашите вработени за учество на меѓународната стручна обука **„Успешни јавни набавки во пракса – Од законска усогласеност до успешни постапки"**, која ќе се одржи во Истанбул, Турција.

Во текот на тридневната обука учесниците ќе работат на реални случаи, ќе разменуваат искуства и ќе добијат практични решенија применливи во секојдневната работа.

## *ЦЕЛИ НА ОБУКАТА*

По завршување на обуката, учесниците ќе бидат посигурни во планирањето, подготовката и спроведувањето на јавните набавки. Ќе знаат како правилно да ја применуваат законската рамка, да ги препознаваат ризиците и да носат поефикасни и потранспарентни одлуки.

## *МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА*

Обуката е организирана како интерактивен Workshop, базиран на принципите на Experiential Learning (учење преку искуство). Теоретските содржини се поврзуваат со реални ситуации преку студии на случај, групни дискусии и практични вежби, со цел стекнатото знаење веднаш да се примени во професионалната практика.

## *НАШАТА ФИЛОЗОФИЈА*

Во PRIMAL CPD не организираме патувања со обука – организираме врвни професионални програми во инспиративни средини за учење. Дестинацијата е дополнителна вредност, но знаењето, практичната примена и професионалното вмрежување остануваат причината поради која учесниците ни ја укажуваат својата доверба.

## *ЗА КОГО Е НАМЕНЕТА ОБУКАТА?*

Обуката е наменета за сите професионалци вклучени во планирањето, спроведувањето, следењето и контролата на јавните набавки, како и за лица кои соработуваат со службите за јавни набавки.

***Особено им ја препорачуваме на:***

- Служби за јавни набавки
- Членови на комисии за јавни набавки
- Лица за јавни набавки
- Финансиски и правни служби
- Раководители и раководни лица во јавниот сектор
- Министерства и државни институции
- Општини и јавни претпријатија
- Јавни здравствени установи
- Образовни институции и универзитети
- Независни регулаторни тела и агенции

## ***НАШИТЕ ОБУЧУВАЧИ***

Во PRIMAL CPD веруваме дека квалитетот на секоја програма започнува со изборот на обучувачите. Затоа соработуваме со докажани експерти кои, покрај богато практично искуство, имаат и долгогодишно искуство во едукација и развој на професионалци. За оваа меѓународна обука главен обучувач е **Маријана Ѓорѓиевска,** вработена во Бирото за јавни набавки и сертифициран обучувач со долгогодишно практично и обучувачко искуство во областа на јавните набавки.

## ***ПРОГРАМА НА ОБУКАТА***

***Ден 1 | Подготовка и планирање на успешни постапки***

- Улоги и одговорности во процесот на јавните набавки, ефикасно планирање, избор на соодветна постапка, проценка на вредноста на договорите и подготовка на квалитетна тендерска документација во согласност со законската рамка.

***Ден 2 | Спроведување на постапките и управување со договорите***

- Избегнување на најчестите грешки и неправилности, законито спроведување на постапките, правилна евалуација на понудите и ефективно управување, следење и контрола на договорите за јавни набавки.

***Ден 3 | Практична примена, современи алатки и идни предизвици***

- Анализа на реални случаи, користење на ЕСЈН и Е-пазар, најнови законски измени, дигитализација на јавните набавки и дискусија за современите трендови и практичните предизвици.

***Специјална дополнителна сесија***

*„Комуникација со засегнати страни, донесување одлуки под притисок и професионално постапување во предизвикувачки ситуации" - Фасилитатор: Д-р Лулзим Адили*

## ***ИНВЕСТИЦИЈА ЗА УЧЕСТВО***

- ***Двокреветна соба: 44.500 МКД по учесник*** (крајна цена по учесник)
- ***Еднокреветна соба: 50.000 МКД по учесник*** *(крајна цена по учесник)*

**ШТО Е ВКЛУЧЕНО ВО ЦЕНАТА**

✓ Тридневна интерактивна обука според програмата
✓ Повратен авионски превоз Скопје – Истанбул – Скопје со чекиран багаж до 20кг
✓ Комплетно хотелско сместување во Trend Hotel 4★, Истанбул
✓ Повратни трансфери аеродром – хотел – аеродром
✓ Котизација, работни материјали и сертификат за учество
✓ Комплетна организација на обуката и патувањето

***Во цената се вклучени сите давачки, без дополнителни или скриени трошоци.***

**ГАРАНТИРАНА ЦЕНА ЗА ПРВИТЕ 25 УЧЕСНИЦИ**

За првите 25 потврдени пријави е обезбедена гарантирана цена. Потоа, пријавите ќе се обработуваат според расположливоста и важечките цени на авионскиот превоз и хотелското сместување..

За дополнителни информации ☎ +389 72 222 101 и ☎ +389 71 222 101 или на емаил: ✉ primal@primalcpd.com ✉ primal@primaleducenter.com.

Со почит,

## *ДЕТАЛНА ПРОГРАМА НА ОБУКАТА*

*Програмата е подготвена од главниот обучувач **Маријана Ѓорѓиевска** и е предмет на дополнувања согласно дискусиите и практичните прашања на учесниците.*

### ПРВ ДЕН

**Подготовка и планирање на постапките со практични примери**

- Улоги и одговорности на сите учесници во процесот на јавните набавки и анализа на внатрешните процеси.
- Ефикасно планирање на јавните набавки, проценка на вредноста на договорите, избор на соодветна постапка и управување со планот за јавни набавки.
- Подготовка на тендерска документација, дефинирање на условите за способност, критериумите за избор, техничките спецификации и практични насоки за подготовка на документацијата во согласност со законската рамка.

### ВТОР ДЕН

**Законито спроведување на постапките и управување со договорите**

- Практични насоки за набавки од мала вредност и поедноставена отворена постапка, со анализа на критичните точки при подготовката и евалуацијата.
- Најчести грешки и неправилности во документацијата, законито спроведување на евалуацијата, обезбедување средства и подобрување на внатрешните процедури.
- Управување со договорите и рамковните спогодби, мониторинг на реализацијата и улога на одговорните лица при квантитативна и квалитативна контрола.

### ТРЕТ ДЕН

**Современи алатки, практични случаи и идни предизвици**

- Анализа на реални студии на случај и одлуки на Државната комисија по жалби за јавни набавки.
- Наоди од Државниот завод за ревизија, правилно користење на ЕСЈН и Е-пазар и дигитализација на процесите за поефикасни јавни набавки.
- Новини во законската регулатива, современи трендови и дискусија за најчестите предизвици во професионалната практика.

### СПЕЦИЈАЛНА ИНТЕРАКТИВНА СЕСИЈА

**„Комуникација со засегнати страни, донесување одлуки под притисок и професионално постапување во предизвикувачки ситуации"**

*Фасилитатор: Д-р Лулзим Адили*

- Комуникација и преговарање со засегнати страни
- Асертивна комуникација и управување со конфликти
- Донесување одлуки под притисок и ефективна комуникација во предизвикувачки ситуации